РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 04-3779/16
29.10 20 26 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) Државниот секретар во Министерството за јавна администрација донесе

ОДЛУКА
за избор на кандидат по објавен јавен оглас број 653/2026 за вработување на административни службеници во Министерството за јавна администрација

1. За извршител за работно место број 1. **Помлад референт за водење на писарница и внатрешна достава, во Одделение за канцелариско и архивско работење, во Сектор за општи работи и јавни набавки,** со шифра на работно место УПР0101Г04000, се избира кандидатот **Иконија Скаловска.**
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на Министерството за јавна администрација, Агенцијата за администрација на ден 18.09.2026 година, во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат” и „Коха” објави јавен оглас за вработување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за јавна администрација.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со решение на директорот на Агенцијата за администрација број 10-2097/4 од 18.09.2026 година, во функција на спроведување на постапката за вработување по објавениот јавен оглас број **653/2026** на ден 05.10.2026 година во 09:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за што состави Записник од извршена административна селекција за административен службеник број 10-2097/5 од 05.10.2026 година.

На ден 21.10.2026 година, со почеток во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација, комисијата за селекција за вработување го спроведе испитот за административен службеник за што состави Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-2097/7 од 21.10.2026 година.

На 27.10.2026 година, со почеток во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација комисијата за селекција за вработување спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за што состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-2097/8 од 27.10.2026 година.

Согласно доставениот Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас број **653/2026** во Министерството за јавна администрација, број 10-2097/9 од

28.10.2026 година, државниот секретар во Министерството за јавна администрација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

М-р Ѓорги Влајнкиноски

Доставено до:
-кандидатите
-одделението за управување со човечки ресурси
-архива